## *ИЗВАДОК*

*Процесот на инклузија во Република Македонија започна кон крајот на 20 век, односно, во 1997 година. Оттогаш па до денес, бројот на инклузи - рани ученици со посебни образовни потреби (без оглед на степенот и видот на попреченоста) постојано се зголемува. Денес, сведоци сме на фактот, дека во секое редовно основно училиште во нашата држава вакви ученици се инклузирани.*

*Целта на истражувањето е да се согледаат реалните ефекти од практичната примена на оваа новина – инклузивното образование во некои од редовните основни училишта (избрани по случаен избор) на територијата на нашата држава.*

*Ефектите од инклузивното образование ги истражувавме преку согледување на исполнетоста на трите претпоставки, неопходни за успешна реализација на овој процес:*

- *Субјективни*
- *Објективни*
- *Организациски.*

*Исто така значен фактор за успешна реализација на инклузивното образование е и нивото на компетентност на наставниот кадар за работа со ученици со посебни образовни потреби.*

*За да дојдеме до очекуваните резултати, објекти на истражувањето беа директните партиципиенти во едукативниот процес во самите училишта (наставници, стручни работници, ученици), како и родителите на учениците без посебни образовни потреби.*

*Поставените задачи во истражувањето во целост беа реализирани. Од добиените резултати се констатираа моменталните ефекти од практичната примена на инклузивното образование. Се дојде до заклучок дека доколку ни е цел инклузивното образование да дава позитивни ефекти, тогаш, промените се повеќе од неопходни, почнувајќи од самото училиште и неговата моментална поставеност и организираност, па се до изнаоѓање на средства и начини за промени на ставовите кај сите партиципиенти во едукативниот процес, вклучувајќи ги и родителите на учениците без посебни образовни потреби. Исто така се дојде до заклучок, дека се неопходни промени во сите три циклуси од професионалниот развој на наставниот кадар (базичното образование, работно воведување и перманентно професионално усовршување).*

*Без овие промени и понатаму ќе биде присутно разидувањето во теоријата и практиката на овој процес.*

## ABSTRAKT

*The process of inclusion in the Republic of Macedonia started in the end of the $20^{th}$ century. Starting from 1997 until now the number of inclusive students with special educational needs is constantly increasing. Today we witness the inclusion of this kind of students in every regular primary school in our country.*

*The purpose of this research is to consider the real effects from the practical use of this modification – inclusive education in some of the regular primary schools (closed by random choice) in our country.*

*A research has been carried out regarding the effects of the inclusive education through consideration of the three factors needed for effective realization of this process:*

- *Subjective factors*
- *Objective factors*
- *Organizational factors*

*Another very important factor for successfully realization of the inclusive education is the level competence of the educational staff in the meter of working with students with special educational needs.*

*The objects is this research were the participants in the educational process from the selected primary schools (teachers, students, professional workers and students parents without special educational needs).*

*The designated purposes were completely achieved. On the basis of the results instant effects were established from practical use of the inclusive education. According to this, if our purpose was to get positive effects out of the conclusion that the changes are more than necessary starting from the schools and its currently stand and organization to the finding of means and ways for changing the attitudes of all percipients in the educational process. We also came to the conclusions that these changes are necessary in all three cycles of the professional development of the educational staff (the basic education, work imposition and permanent professional improvement).*

*Without these changes, the collision between the theory and practice will be present in this process further on.*